# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.38 од 24.02.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија” број 49/2006, 102/2008, 145/10 136/11 и 13/13), во членот 5 став 1 алинеја 3 по зборот „простор” се додаваат зборовите: „врз основа на доказ за сопственост или закуп”.

Во алинејата 4 зборовите: „ќе обезбеди‟ се бришат, а сврзникот „и” се заменува со запирка.

Во алинејата 5 точката се заменува со запирка и се додаваат три нови алинеи 6, 7 и 8, кои гласат:

‟- има изјава за основање на агенција за привремени вработувања,

- има изјава за основачот - одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања и

- заверен потпис на нотар на основачот - одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања.‟

**Член 2**

Во членот 5-а ставот 2 се брише.

**Член 3**

Во членот 5-б ставот 2 се брише.

**Член 4**

Во членот 5-д став 1 по зборот „барање” се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

‟Барањето за основање на агенција за привремени вработувања и упис во регистарот на агенции за привремени вработувања, како и документите за исполнување на условите согласно со овој закон и начинот на нивното обезбедување, ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.‟

**Член 5**

Во членот 6 ставот 1 се брише.

Во ставот 2 кој станува став 1 воведната реченица се менува и гласи: ”Висината на банкарската гаранција за основање на агенција за привремени вработувања за физички и правни лица изнесува:”.

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 2, 3 и 4.

Ставот 6 се брише.

**Член 6**

По членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

**‟Член 11-а**

Агенцијата за привремени вработувања подготвува и доставува посебна пресметка за плата и придонеси од плата, за вработените кај работодавачот корисник за секој работодавач корисник поединечно.‟

**Член 7**

Постапките за основање на агенции за привремени вработувања започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон во министерството надлежно за работите од областа на трудот, ќе се завршат според законот кој важел во моментот на започнувањето напостапките.

**Член 8**

Подзаконскиот акт од членот 4 став 2 од овој закон ќе се донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 9**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за агенциите за привремени вработувања.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".